Архивски број: 08-282/3
26.03.2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08–282/1 од 29.02.2024 година, поднесена од Група на кандидати кои аплицирале за лиценца против Министерство за труд и социјална политика и Комисијата за лиценцирање на стручни лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори на установи за деца, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 22.03.2024 години, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за извршена дискриминација со архивски број 08 – 282/1 од 29.03.2024 година, поднесена од Група на кандидати кои аплицирале за лиценца против Министерство за труд и социјална политика и Комисијата за лиценцирање на стручни лица во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и на директори а установи за деца **поради неуредност.**

### Образложение

На 29.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација заверена под број 08-282/1.

Комисијата при разгледувањето на списите констатира дека претставката не ги содржи задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржи податоци за подносителите на претставката и потпис на подносителите. Заради тоа, на 19.07.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, достави Барање за доуредување на претставка заверено под број 08-282/2 на електронска пошта која што беше наведена во претставката.

Подносителот не ја доуреди претставката во законски предвидениот рок, следствено на тоа Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.

Скопје
26.03.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател,
Игор Јадровски

Доставено до:

- Група на кандидати кои аплицирале за лиценца
- Архива на Комисијата

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk